**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 30.04.2025 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија , 60803 Фраскатиева класификација,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 11.04.2025 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Радослав Станишиќ.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Роберт Јанкулоски**
**Проф. Сашо Павловски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот **Д-р Радослав Т. Станишиќ** е истакнат филмски и телевизиски режисер, научник и публицист, со длабоко втемелено авторско присуство во современата црногорска и пошироката јужнословенска културна и медиумска сцена, со страст за филмската уметност. Своето формално образование го започнал во 1993 година на Академијата за филм и телевизија во Прага, во класата на реномираниот професор Рудолф Краичик, а го продолжил и завршил на Факултетот за драмски уметности во Белград, каде што дипломирал во 2000 година со краткометражниот игран филм *„Изабраник"*, под менторство на професорот Дарко Бајиќ.

Научната кариера на д-р Станишиќ започнува со магистерската теза посветена на родоначалникот на црногорската филмска драматургија – *„Ратко Ѓуровиќ"*, одбранета во 2004 година. Во 2009 година ја одбранува својата докторска дисертација под наслов

*„Играниот филмски опус на Ратко Ѓуровиќ во спрега со режиските постапки на Велимир Стојановиќ“*, со што го стекнува научниот степен доктор на науки од областа на драмските уметности, поточно филмологија. Тој е првиот црногорски филмски и ТВ режисер со ваков научен степен.

Со повеќе од 25 години професионално искуство во Радио телевизија на Црна Гора (РТЦГ), д-р Станишиќ има извршувано значајни уреднички и продукциски должности, вклучително и улогите на главен режисер, раководител на продукцијата и началник на одделението за режија и реализација. Во неговото богато творечко портфолио се вклучени повеќе од 1.500 телевизиски емисии и десетици краткометражни, документарни, документарно-играни и ТВ филмови, меѓу кои особено се истакнуваат *„Дом“*, *„Колевка“*, *„Неприлагодени, филмски гроф“*, *„Последниот ју-романтичар“*, како и наградуваниот *„Избраник“*, последниот црногорски филм сниман на 35мм целулоидна лента.

Како автор на книгата *„Дабови кои не се уриваат: Ратко Ѓуровиќ – Велимир Стојановиќ“* (изд. Нова Књига, Подгорица, 2011), д-р Станишиќ остави траен печат во полето на филмската есеистика и историографија. Две нови книги, *„Антологиски филмови и режиски поетики I и II“*, се во подготовка за објавување.

Во академската сфера, д-р Станишиќ е предавач и соработник на универзитетите „Медитеран“ во Подгорица и Факултетот за драмски уметности на Цетиње, каде што предавал предмети како што се Основи на филмска и ТВ режија, ТВ режија, филмска и ТВ монтажа и Историја на филмот.

Неговите филмски трудови се прикажани и наградувани на реномирани меѓународни фестивали, вклучувајќи ги: Венецијанскиот филмски фестивал, Монпеље, Штутгарт, Хамбург, Анкара, Љеида и други. Добитник е на бројни награди за режија и уметнички придонес, меѓу кои се вбројуваат специјални признанија од фестивалите во Нови Сад, Херцег Нови, Мојковац, Сараево, Тузла, Ниш, Белград и Требиње.

Покрај режијата, д-р Станишиќ е активен филмски критичар и колумнист. Од 2009 година до денес објавил над 850 стручни написи, есеи, критики и студии во домашни и странски печатени и електронски медиуми, меѓу кои се истакнуваат „Дан“, филмскиот магазин „Филаж“ од Ниш и порталот на РТЦГ.

Во 2024 година е именуван за уметнички директор на Мојковачкиот филмски фестивал – најстар филмски фестивал во Црна Гора. Бил член на селекционата комисија за избор на црногорскиот кандидат за наградата „Оскар“ во категоријата најдобар меѓународен филм, како и рецензент во Националното тело за акредитација и проверка на квалитет во високото образование во Белград.

Во јуни 2024 година, Црногорската кинотека организираше ретроспектива на неговите филмови во Подгорица, при што беа прикажани неколку негови најрепрезентативни остварувања.

Со својата непоколеблива посветеност, естетска визија и културолошки ангажман, д-р Радослав Т. Станишиќ претставува еден од најзначајните автори во современата филмска уметност на Балканот.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Радослав Станишиќ** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Доцент** по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш,**

______________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски,**

______________________________

**Проф. Сашо Павловски,**

______________________________

**Скопје, 16.05.2025**